Врз основа на член 8 став (3) а во врска со член 8 став (1) точка 5) од Законот за евиденциите во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија“ број 20/09, 53/11, 164/13 и 150/15), министерот за здравство утврди:

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ, ВОДЕЊЕ, ОБРАБОТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЕВИДЕНЦИИ ЗА ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на образецот, како и начинот на пополнување, водење, обработување и чување на индивидуалните евиденции за шеќерна болест.

**Форма**
**Член 2**

Образецот за шеќерна болест се пополнува во електронска форма од страна на здравствените работници согласно Законот за евиденциите од областа на здравството, преку Националниот систем за електронски евиденции во здравството.

**Содржина**
**Член 3**

(1) Образецот за шеќерна болест содржи комбинација од административни и медицински прашања.

(2) Административните и медицинските прашања од ставот (1) на овој член се дадени во Прилогот бр. 1 – Содржина на образецот, кој е составен дел од овој правилник.

**Начин на пополнување**
**Член 4**

(1) Иницијализирањето за пополнувањето на образецот за шеќерна болест започнува со потврдување на дијагнозата од страна на лекар специјалист или супспецијалист на секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита или избран лекар.

(2) Дијагнозите од ставот (1) на овој член за кои се врши пополнување на образецот за шеќерна болест се дадени во Прилогот бр. 2 – МКБ10 Дијагнози, кој е составен дел од овој правилник.

(3) Лекарот специјалист или супспецијалист од став (1) на овој член по иницирањето може делумно или целосно да го пополни образецот за шеќерна болест, а избраниот лекар на пациентот треба иницираниот образец за шеќерна болест да го пополни во целост.

(4) Ако дијагнозата на пациентот е потврдена пред воспоставувањето на Националниот систем за електронски евиденции во здравството, образецот за шеќерна болест се иницира и пополнува од страна на избраниот лекар на пациентот врз основа на претходен извештај од специјалист/супспецијалист.

(5) Образецот за шеќерна болест се пополнува секоја година за секој пациент.

(6) За пациент за кој веќе еднаш е пополнет образец за шеќерна болест преку Националниот систем за електронски евиденции во здравството секоја наредна година се ажурира само доколку има промени во здравствената состојба на пациентот.

**Член 5**

При пополнување на образецот за шеќерна болест преку Националниот систем за електронски евиденции во здравството, лекарот специјалист или супспецијалист, односно избраниот лекар на пациентот ги повлекува постоечките податоци поврзани со пациентот од базата на податоци на Националниот систем.

**Член 6**

Пополнетиот образец за шеќерна болест, како индивидуална евиденција која се води врз основа на член 8 од Законот за евиденциите од областа на здравството, со внесените податоци согласно овој правилник претставуваа составен дел од Националниот систем за електронски евиденции во здравството.

**Водење и обработување**

**Член 7**

Начинот на водење, пренос на податоци од здравствените работници кон центрите за јавно здравје, од центрите за јавно здравје кон Институтот за јавно здравје на Република Македонија, како и начинот на обработката на податоците од обрасците за шеќерна болест се вршат согласно одредбите од Законот за евиденциите во областа на здравството.

**Начин на чување на податоци**

**Член 8**

(1) Податоците содржани во Националниот систем за електронски евиденции во здравството се чуваат согласно правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на податоци согласно прописите за заштита на личните податоци, како и согласно одредбите за техничките и организационите мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

(2) Во Националниот систем за електронски евиденции во здравството се чуваат податоците по принцип на различни верзии на софтверот.

(3) За секоја верзија на податок се евидентира датум, време и корисник кој го извршил внесувањето и/или ажурирањето на податокот.

(4) Секое ажурирање на податок резултира со нова верзија на податокот.

(5) Бришење на податок резултира со креирање на нова верзија на податокот со статус „избришан".

**Начин на заштита на податоци**

**Член 9**

(1) Податоците содржани во Националниот систем за електронски евиденции во здравството се класифицираат во основно, средно и високо ниво на заштита согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Заштита на податоците се врши на начин уреден согласно одредбите за техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на лични

податоци, одредбите за заштита на лични податоци и одредбите за евиденциите во областа на здравството.

**Завршни одредби**

**Член 10**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престануваат да важат постоечките обрасци за индивидуални евиденции за шеќерна болест.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 01.01.2019 година и истиот ќе се објави на веб страната на Министерството за здравство.

Бр. 17-8508/1

03-12-2018 година

Скопје

МИНИСТЕР

Доц. д-р Венко ФИЛИПЧЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Прилог бр. 1 – Содржина на образецот**

1) ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА (иницијатор и пријавувач):
   - „Назив на здравствена установа (ЈЗУ/ПЗУ)“
   - „Единствен матичен број на субјектот / Единствен даночен број“
   - „Населено место“
   - „Општина“

2) ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПАЦИЕНТОТ:
   - „Име и презиме“
   - „Име на еден од родителите“
   - „Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)“
   - „Единствен здравствен број на осигуреникот (ЕЗБО)“
   - „Пол“ (1. Машки или 2. женски)
   - „Ден, месец и година на раѓање“ (дд мм гггг)
   - „Етничка припадност“ (Се избира една од понудените: 1. Македонец, 2. Албанец, 3. Турчин, 4. Ром, 5. Влав, 6. Србин, 7. Бошњак, 8. Друго (специфицирај), 9. Непознато)
   - „Вероисповест“ (Се избира една од понудените: 1. Православна христијанска, 2. Католичка, 3. Муслиманска, 8. Друго (специфицирај), 9. Непознато)
   - „Брачна состојба“ (Се избира една од понудените: 1. Неженет / Немажена, 2. Женет / Мажена, 3. Вдовец - Вдовица, 4. Разведен - Разведена)
   - „Дали живее во вонбрачна заедница“ (Се избира една од понудените: 1. Да, 2. Не)
   - „ Највисоко завршено образование“ (Се избира една од понудените: 1. Без образование, 2. 1-4 одд. ОУ, 3. 5-7 одд. ОУ, 4. Основно училиште, 5. Средно училиште со две, три или четиригодишно траење, 6. Виша школа, 7. Висока школа, факултет, академија, 8. Магистратура, 9. Докторат)
   - „Моментално занимање според национална класификација на занимањата (се внесува бројот на занимање од листата на занимања)
   - „Моментална главна дејност според националната класификација на дејности – НКД Рев.2 (се внесува класа  / под класа на дејноста од листата на дејности)
   - „Колку години е на таа работа“
   - „Место, општина и адреса на постојано живеење“
   - „Економски статус“ (Се избира една од понудените опции: 1. Вработен-а, 2. Невработен-а (прво вработување), 3. Невработен-а (повторно), 4. Домаќин/ка, 5. Дете, ученик, 6. Студент/ка, 7. Пензионер/ка, 8. Неспособен за работа и други издржувани лица, 9. Лице со друг личен приход, 10. Непознато)
   - „Основ на здравствено осигурување“

- „Мобилен телефон“

3) МЕДИЦИНСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПАЦИЕНТОТ:

- „ Број на историја на болест - картон и дневник за вонболнички пациенти“ (нумерички се внесува број на историја)
- „Главна дијагноза - Вид на шеќерна болест“ (се избира една од дијагнозите од Шифрарникот бр.1, даден во Прилог бр.1, кој е составен дел од овој Правилник)
- „Дата на посета кај лекар“ (дд мм гггг)
- „Дата на првото утврдување дијагнозата“ (дд мм гггг)
- „Симптоми при манифестација на болеста“ (текстуален опис - специфицирај)
- „ Повод за манифестација на болеста“

  „1. Дебелина“ (Се избира една од понудените: 1. Да, 2. Не)

  „- Телесна тежина во (кг)“ (нумерички се внесува телесна тежина во килограми)

  „- Висина (во cm)“ (нумерички се внесува висина во сантиметри)

  „2. Инфаркти“ (текстуален опис - специфицирај)

  „3. Медикаменти“ (текстуален опис - специфицирај)

  „4. Други болести и состојби (шифра МКБ)“ (се избира една од дијагнозите од МКБ10)

  „5. Друго“ (текстуален опис - специфицирај)

- „Семејна анамнеза“

  „- дали некој во блиското семејство по крвно сродство боледувал од шеќерна болест“ (Се избира една од понудените: 1. Да, 2. Не)

  „- сродство“ (текстуален опис - специфицирај)

  „- Дијагноза (шифра МКБ)“ (се избира една од дијагнозите од МКБ10)

- „Вид на лекувањето според здравствената установа“ (Се избира една од понудените: 1. амбулантно–поликлинички (примарна здравствена заштита), 2. специјалистичко-консултативно, 3. болничко стационарно, 4. Друго (текстуален опис – специфицирај)
- „Вид на лекувањето според спроведената терапија“ (Се избира една од понудените: 1. Со диета, 2. Орална медикаментозна терапија, 3. Со краток инсулин од почетокот на лекувањето, 4. Со среден инсулин од почетокот на лекувањето, 5. Со долг инсулин од почетокот на лекувањето, 6. Со краток инсулин во покасна фаза на лекувањето, 7. Со среден инсулин во покасна фаза на лекувањето, 8. Со долг инсулин во покасна фаза на лекувањето,
- „Дата на отпочнување на лекување со инсулин“ (дд мм гггг)
- „Дијагноза на прва компликација (шифра МКБ)“ (се избира една од дијагнозите од Шифрарникот бр.2, даден во Прилог бр.2, кој е составен дел од овој Правилник)

- „Дата на утврдување на прва компликација“ (дд мм гггг)
- „Други компликации (шифра МКБ)“ (се избира една од дијагнозите од Шифрарникот бр.2, даден во Прилог бр.2, кој е составен дел од овој Правилник)
- „Последици“ (Се избира една од понудените: 1. Причина за привремена спреченост за работа, 2. Привремен инвалидитет, 3. Траен инвалидитет, 4. Смрт, 5. Друго (текстуален опис – специфицирај)
- „Дата на смрт“ (дд мм гггг)
- „Причина за смрт (шифра МКБ)“ (се избира една од дијагнозите од МКБ10)
- „Дали пациентот е обдуциран“ (Се избира една од понудените: 1. Да, 2. Не)

**Прилог бр.2 – МКБ10 Дијагнози**

| ШИФРА | ОПИС |
|---|---|
| **E10** | **тип 1 дијабетес мелитус** |
| E10.1 | тип 1 дијабетес мелитус со ацидоза |
| E10.11 | тип 1 дијабетес мелитус со кетоацидоза, без кома |
| E10.12 | тип 1 дијабетес мелитус со кетоацидоза, со кома |
| E10.13 | тип 1 дијабетес мелитус со лактична ацидоза, без кома |
| E10.14 | тип 1 дијабетес мелитус со лактична ацидоза, со кома |
| E10.15 | тип 1 дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, без кома |
| E10.16 | тип 1 дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, со кома |
| E10.2 | тип 1 дијабетес мелитус со ренална компликација |
| E10.21 | тип 1 дијабетес мелитус со почетен стадиум на дијабетска нефропатија |
| E10.22 | тип 1 дијабетес мелитус со поодминат стадиум на дијабетска нефропатија |
| E10.23 | тип 1 дијабетес мелитус со терминално ренално заболување |
| E10.29 | тип 1 дијабетес мелитус со друга означена ренална компликација |
| E10.3 | тип 1 дијабетес мелитус со офталмични компликација |
| E10.31 | тип 1 дијабетес мелитус со дополнителна ретинопатија |
| E10.32 | тип 1 дијабетес мелитус со препролиферативна ретинопатија |
| E10.33 | тип 1 дијабетес мелитус со пролиферативна ретинопатија |
| E10.34 | тип 1 дијабетес мелитус со друга ретинопатија |
| E10.35 | тип 1 дијабетес мелитус со напреднато очно заболување |
| E10.36 | тип 1 дијабетес мелитус со дијабетска катаракта |
| E10.39 | тип 1 дијабетес мелитус со друга означена очна компликација |
| E10.4 | тип 1 дијабетес мелитус со невролошки компликации |
| E10.40 | тип 1 дијабетес мелитус со неозначена невропатија |
| E10.41 | тип 1 дијабетес мелитус со дијабетска мононевропатија |
| E10.42 | тип 1 дијабетес мелитус со дијабетска полиневропатија |
| E10.43 | тип 1 дијабетес мелитус со дијабетска автономна невропатија |
| E10.49 | тип 1 дијабетес мелитус со друга означена невролошка компликација |
| E10.5 | тип 1 дијабетес мелитус со циркулаторни компликации |
| E10.51 | тип 1 дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, без гангрена |
| E10.52 | тип 1 дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, со гангрена |
| E10.53 | тип 1 дијабетес мелитус со дијабетска исхемична кардиомиопатија |
| E10.6 | тип 1 дијабетес мелитус со други означени компликации |

| | |
|---|---|
| E10.61 | тип 1 дијабетес мелитус со означена дијабетска компликација на мускулоскелетно и сврзно ткивоо |
| E10.62 | тип 1 дијабетес мелитус со означена компликација на кожа и поткожно ткиво |
| E10.63 | тип 1 дијабетес мелитус со означена периодонтна компликација |
| E10.64 | тип 1 дијабетес мелитус со хипогликемија |
| E10.65 | лошо контролиран тип 1 дијабетес мелитус |
| E10.69 | тип 1 дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E10.7 | тип 1 дијабетес мелитус со мултипли компликации |
| E10.71 | тип 1 дијабетес мелитус со мултипни микроваскуларни компликации |
| E10.73 | тип 1 дијабетес мелитус со улцер на стапало како резултат на мултипни причинители |
| E10.8 | тип 1 дијабетес мелитус со неозначена компликација |
| E10.9 | тип 1 дијабетес мелитус без компликација |
| **E11** | **тип 2 дијабетес мелитус** |
| E11.0 | тип 2 дијабетес мелитус со хиперосмоларитет |
| E11.01 | тип 2 дијабетес мелитус со хиперосмоларност без некетотична хипергликемична-хиперосмоларна кома |
| E11.02 | тип 2 дијабетес мелитус со хиперосмоларност со кома |
| E11.1 | тип 2 дијабетес мелитус со ацидоза |
| E11.11 | тип 2 дијабетес мелитус со кетоацидоза, без кома |
| E11.12 | тип 2 дијабетес мелитус со кетоацидоза, со кома |
| E11.13 | тип 2 дијабетес мелитус со лактична ацидоза, без кома |
| E11.14 | тип 2 дијабетес мелитус со лактична ацидоза, со кома |
| E11.15 | тип 2 дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, без кома |
| E11.16 | тип 2 дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, со кома |
| E11.2 | тип 2 дијабетес мелитус со ренална компликација |
| E11.21 | тип 2 дијабетес мелитус со почетен стадиум на дијабетска нефропатија |
| E11.22 | тип 2 дијабетес мелитус со поодминат стадиум на дијабетска нефропатија |
| E11.23 | тип 2 дијабетес мелитус со терминално ренално заболување |
| E11.29 | тип 2 дијабетес мелитус со друга означена ренална компликација |
| E11.3 | тип 2 дијабетес мелитус со офталмични компликација |
| E11.31 | тип 2 дијабетес мелитус со дополнителна ретинопатија |
| E11.32 | тип 2 дијабетес мелитус со препролиферативна ретинопатија |
| E11.33 | тип 2 дијабетес мелитус со пролиферативна ретинопатија |
| E11.34 | тип 2 дијабетес мелитус со друга ретинопатија |
| E11.35 | тип 2 дијабетес мелитус со напреднато очно заболување |
| E11.36 | тип 2 дијабетес мелитус со дијабетска катаракта |
| E11.39 | тип 2 дијабетес мелитус со друга означена очна компликација |
| E11.4 | тип 2 дијабетес мелитус со невролошка компликација |
| E11.40 | тип 2 дијабетес мелитус со неозначена невропатија |
| E11.41 | тип 2 дијабетес мелитус со дијабетска мононевропатија |
| E11.42 | тип 2 дијабетес мелитус со дијабетска полиневропатија |
| E11.43 | тип 2 дијабетес мелитус со дијабетска автономна невропатија |
| E11.49 | тип 2 дијабетес мелитус со друга означена невролошка компликација |

| | |
|---|---|
| E11.5 | тип 2 дијабетес мелитус со циркулаторна компликација |
| E11.51 | тип 2 дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, без гангрена |
| E11.52 | тип 2 дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, со гангрена |
| E11.53 | тип 2 дијабетес мелитус со дијабетска исхемична кардиомиопатија |
| E11.6 | тип 2 дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E11.61 | тип 2 дијабетес мелитус со означена дијабетска компликација на мускулоскелетно и сврзно ткивоо |
| E11.62 | тип 2 дијабетес мелитус со означена компликација на кожа и поткожно ткиво |
| E11.63 | тип 2 дијабетес мелитус со означена периодонтна компликација |
| E11.64 | тип 2 дијабетес мелитус со хипогликемија |
| E11.65 | лошо контролиран тип 2 дијабетес мелитус |
| E11.69 | тип 2 дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E11.7 | тип 2 дијабетес мелитус со мултипни компликации |
| E11.71 | тип 2 дијабетес мелитус со мултипни микроваскуларни компликации |
| E11.72 | тип 2 дијабетес мелитус со карактеристики на резистенција кон инсулин |
| E11.73 | тип 2 дијабетес мелитус со улцер на стапало како резултат на мултипни причинители |
| E11.8 | тип 2 дијабетес мелитус со неозначена компликација |
| E11.9 | тип 2 дијабетес мелитус без компликација |
| **E13** | **друг означен дијабетес мелитус** |
| E13.0 | друг означен дијабетес мелитус со хиперосмоларност |
| E13.01 | друг означен дијабетес мелитус со хиперосмоларност без некетотична хипергликемична-хиперосмоларна кома |
| E13.02 | друг означен дијабетес мелитус со хиперосмоларност, со кома |
| E13.1 | друг означен дијабетес мелитус со ацидоза |
| E13.11 | друг означен дијабетес мелитус со кетоацидоза, без кома |
| E13.12 | друг означен дијабетес мелитус со кетоацидоза, со кома |
| E13.13 | друг означен дијабетес мелитус со лактична ацидоза, без кома |
| E13.14 | друг означен дијабетес мелитус со лактична ацидоза, со кома |
| E13.15 | друг означен дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, без кома |
| E13.16 | друг означен дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, со кома |
| E13.2 | друг означен дијабетес мелитус со ренална компликација |
| E13.21 | друг означен дијабетес мелитус со почетен стадиум на дијабетска нефропатија |
| E13.22 | друг означен дијабетес мелитус со поодминат стадиум на дијабетска нефропатија |
| E13.23 | друг означен дијабетес мелитус со терминално ренално заболување |
| E13.29 | друг означен дијабетес мелитус со друга означена ренална компликација |
| E13.3 | друг означен дијабетес мелитус со офталмолошка компликација |
| E13.31 | друг означен дијабетес мелитус со дополнителна ретинопатија |
| E13.32 | друг означен дијабетес мелитус со препролиферативна ретинопатија |
| E13.33 | друг означен дијабетес мелитус со пролиферативна ретинопатија |
| E13.34 | друг означен дијабетес мелитус со друга ретинопатија |
| E13.35 | друг означен дијабетес мелитус со напреднато очно заболување |
| E13.36 | друг означен дијабетес мелитус со дијабетска катаракта |
| E13.39 | друг означен дијабетес мелитус со друга означена очна компликација |
| E13.4 | друг означен дијабетес мелитус со невролошка компликација |
| E13.40 | друг означен дијабетес мелитус со неозначена невропатија |

| | |
|---|---|
| E13.41 | друг означен дијабетес мелитус со дијабетска мононевропатија |
| E13.42 | друг означен дијабетес мелитус со дијабетска полиневропатија |
| E13.43 | друг означен дијабетес мелитус со дијабетска автономна невропатија |
| E13.49 | друг означен дијабетес мелитус со друга означена невролошка компликација |
| E13.5 | друг означен дијабетес мелитус со циркулаторна компликација |
| E13.51 | друг означен дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, без гангрена |
| E13.52 | друг означен дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, со гангрена |
| E13.53 | друг означен дијабетес мелитус со дијабетска исхемична кардиомиопатија |
| E13.6 | друг означен дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E13.61 | друг означен дијабетес мелитус со означена дијабетска компликација на мускулоскелетно и сврзно ткивоо |
| E13.62 | друг означен дијабетес мелитус со означена компликација на кожа и поткожно ткиво |
| E13.63 | друг означен дијабетес мелитус со означена периодонтна компликација |
| E13.64 | друг означен дијабетес мелитус со со хипогликемија |
| E13.65 | лошо контролиран друг означен дијабетес мелитус |
| E13.69 | друг означен дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E13.7 | друг означен дијабетес мелитус со мултипни компликации |
| E13.71 | друг означен дијабетес мелитус со мултипни микроваскуларни компликации |
| E13.72 | друг означен дијабетес мелитус со карактеристики на резистенција кон инсулин |
| E13.73 | друг означен дијабетес мелитус со улцер на стапало како резултат на мултипни причинители |
| E13.8 | друг означен дијабетес мелитус со неозначена компликација |
| E13.9 | друг означен дијабетес мелитус без компликација |
| **E14** | **неозначен дијабетес мелитус** |
| E14.0 | неозначен дијабетес мелитус со хиперосмоларност |
| E14.01 | неозначен дијабетес мелитус со хиперосмоларност без некетотична хипергликемична-хиперосмоларна кома |
| E14.02 | неозначен дијабетес мелитус со хиперосмоларност, со кома |
| E14.1 | неозначен дијабетес мелитус со ацидоза |
| E14.11 | неозначен дијабетес мелитус со кетоацидоза, без кома |
| E14.12 | неозначен дијабетес мелитус со кетоацидоза, со кома |
| E14.13 | неозначен дијабетес мелитус со лактична ацидоза, без кома |
| E14.14 | неозначен дијабетес мелитус со лактична ацидоза, со кома |
| E14.15 | неозначен дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, без кома |
| E14.16 | неозначен дијабетес мелитус со кетоацидоза, со лактична ацидоза, со кома |
| E14.2 | неозначен дијабетес мелитус со ренална компликација |
| E14.21 | неозначен дијабетес мелитус со почетен стадиум на дијабетска нефропатија |
| E14.22 | неозначен дијабетес мелитус со поодминат стадиум на дијабетска нефропатија |
| E14.23 | неозначен дијабетес мелитус со терминално ренално заболување |
| E14.29 | неозначен дијабетес мелитус со друга означена ренална компликација |
| E14.3 | неозначен дијабетес мелитус со офталмолошка компликација |
| E14.31 | неозначен дијабетес мелитус со дополнителна ретинопатија |
| E14.32 | неозначен дијабетес мелитус со препролиферативна ретинопатија |
| E14.33 | неозначен дијабетес мелитус со пролиферативна ретинопатија |
| E14.34 | неозначен дијабетес мелитус со друга ретинопатија |
| E14.35 | неозначен дијабетес мелитус со напреднато очно заболување |

| | |
|---|---|
| E14.36 | неозначен дијабетес мелитус со дијабетска катаракта |
| E14.39 | неозначен дијабетес мелитус со друга означена очна компликација |
| E14.4 | неозначен дијабетес мелитус со невролошка компликација |
| E14.40 | неозначен дијабетес мелитус со неозначена невропатија |
| E14.41 | неозначен дијабетес мелитус со дијабетска мононевропатија |
| E14.42 | неозначен дијабетес мелитус со дијабетска полиневропатија |
| E14.43 | неозначен дијабетес мелитус со дијабетска автономна невропатија |
| E14.49 | неозначен дијабетес мелитус со друга означена невролошка компликација |
| E14.5 | неозначен дијабетес мелитус со циркулаторна компликација |
| E14.51 | неозначен дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, без гангрена |
| E14.52 | неозначен дијабетес мелитус со периферна ангиопатија, со гангрена |
| E14.53 | неозначен дијабетес мелитус со дијабетска исхемична кардиомиопатија |
| E14.6 | неозначен дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E14.61 | неозначен дијабетес мелитус со означена дијабетска компликација на мускулоскелетно и сврзно ткивоо |
| E14.62 | неозначен дијабетес мелитус со означена компликација на кожа и поткожно ткиво |
| E14.63 | неозначен дијабетес мелитус со означена периодонтна компликација |
| E14.64 | неозначен дијабетес мелитус со со хипогликемија |
| E14.65 | лошо контролиран неозначен дијабетес мелитус |
| E14.69 | неозначен дијабетес мелитус со друга означена компликација |
| E14.7 | неозначен дијабетес мелитус со мултипни компликации |
| E14.71 | неозначен дијабетес мелитус со мултипни микроваскуларни компликации |
| E14.72 | неозначен дијабетес мелитус со карактеристики на резистенција кон инсулин |
| E14.73 | неозначен дијабетес мелитус со улцер на стапало како резултат на мултипни причинители |
| E14.8 | неозначен дијабетес мелитус со неозначена компликација |
| E14.9 | неозначен дијабетес мелитус без компликација |
| **O24** | **дијабетес мелитус во бременоста** |
| O24.0 | претходно постоен дијабетес мелитус,инсулин,зависен |
| O24.1 | претходно постоечки дијабетес мелитус, тип 2, во бременоста |
| O24.11 | претходно постоен дијабетес мелитус инсулин независен, во бременост, не-третиран со инсулин |
| O24.12 | претходно постоен дијабетес мелитус инсулин независен, во бременост, третиран со инсулин |
| O24.19 | претходно постоен дијабетес мелитус инсулин независен, во бременост, неозначено |
| O24.2 | претходно постоечки дијабетес мелитус, друг означен тип, во бременоста |
| O24.21 | претходно постоен дијабетес мелитус, друг означен тип, во бременост, не-третиран со инсулин |
| O24.22 | претходно постоен дијабетес мелитус, друг означен тип, во бременост, третиран со инсулин |
| O24.29 | претходно постоен дијабетес мелитус, друг означен тип, во бременост, неозначено |
| O24.3 | претходно постоечки дијабетес мелитус, неозначен, во бременоста |
| O24.31 | претходно постоен дијабетес мелитус, неозначено, во бременост, не-третиран со инсулин |
| O24.32 | претходно постоен дијабетес мелитус, неозначено, во бременост, третиран со инсулин |

| | |
|---|---|
| O24.39 | претходно постоен дијабетес мелитус, неозначено, во бременост, неозначено |
| O24.4 | дијабетес мелитус што се појавува во или по 24 седмица од гестацијата |
| O24.41 | дијабетес мелитус кој се јавува во тек на бременоста, не-третиран со инсулин |
| O24.42 | дијабетес мелитус кој се јавува во тек на бременоста, третиран со инсулин |
| O24.49 | дијабетес мелитус кој се јавува во тек на бременоста, неозначено |
| O24.5 | претходно постоечка нарушена глукозна регулација, во бременоста |
| O24.51 | претходно постоечка ослабена регулација на гликоза, неинсулинско лекување |
| O24.52 | претходно постоечка ослабена регулација на гликоза, инсулинско лекување |
| O24.59 | претходно постоечка ослабена регулација на гликоза, неспецифицирано |
| O24.9 | дијабетес мелитус во бременоста, неозначено пред породувањето |
| O24.91 | дијабетес мелитус во бременост, неозначен почеток, не-третиран со инсулин |
| O24.92 | дијабетес мелитус во бременост, неозначен почеток, третиран со инсулин |
| O24.99 | дијабетес мелитус во бременост, неозначен почеток, неозначено |